Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 22-11860/2

Дата: 14.12.2012

18.12.2012

**Државен завод за ревизија**
**Главен државен ревизор**
Ул.Македонија 12/3
Скопје
Р.Македонија

18 126/20

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Предмет: **забелешки по нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија тема: Ефикасност од доделените концесии за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија во Р.М.**

Почитувани,

Министерството за животна средина и просторно планирање го разгледа **Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија тема: Ефикасност од доделените концесии за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија во Р.М.** и оцени дека е потребно да даде забелешки по однос на констатациите наведени на страна 25 и 26 кои се однесуваат на роковите за издавање на Решение за услови за планирање што е во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во таа насока најнапред ќе ја објаснам постапката за издавање на Решение за услови за планирање за која во Законот за Просторно и урбанистичко планирање е зацртан рок од 15 дена без да се наведе децидно од која фаза на постапката за издавање на Решението за услови за планирање а не од доставување на барањето за услови за планирање од странката.

Законодавецот по основ на Проектот – Регулаторна гилотина- ги редуцирал роковите и дефинирал рок од 15 дена кој несоодејствува со постапката за изработка на Решението за услови за планирање и реално неможе да се спроведе во зацртаниот рок затоа што покрај МЖСПП во постапката е вклучена Агенција за планирање на простор со изработка на елаборат за услови за планирање и во одредена постапка потребни се консултации со надлежни институции доколку

просторот кој се урбанизира е заштитен согласно Закон за заштита на природа.

Во насока на наведеното, ценам дека е потребно да ја презентирам на кратко постапката за изработка на Решение за услови за планирање од доставување на барањето од страна на странката до МЖСПП и изработкта на Решението за услови за планирање.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање Службен весник на Република Македонија" број 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/2010, 18/2011 и 53/2011) Министерството за животна средина и просторно планирање врз основа на член 15 и 15а и согласно член 50,50а, и 51а издава услови за планирање за простори вон плански опфат, за изработка на генерален урбанистички план, локална урбанистичко планска документација, државна урбанистичко планска документација, урбанистички план за вонаселено место, урбанистички план за село, проект за инфраструктура . Со барањето странката е обврзана да приложи и одредена документација која е наведена во Законот и во Упатсво за издавање на услови за планирање кое се доставува до странките.

Постапката за изработка на услови за планирање се одвива во три фази:

1. **фаза – координација** содржи: распоред на барањето, разгледување на барањето, контрола на доставената документацијата, утврдување на видот на урбанистчко планската документација и изработка на координација и достава до Агенцијата за планирање на простор, до барателот и до општината на чија територија се работи урбанистичко планската документација. Постапката трае 2-3 дена доколку е комплетирана целокупната документација.
2. **фаза – изработка на Елаборат за услови за планирање – извод од ПП на РМ - го работи Агенцијата за планирање на простор.** Странката односно барателот потпишува договор за изработка на Елаборат за услови за планирање со АПП. Елаборатот за услови за планирање се изработува за 15 дена . Елаборатот содржи текстуален дел и графички прилози. Агенцијата за планирање на простор го доставува Елаборатот до МЖСПП – сектор просторно планирање.
3. фаза - **изработка на Решение за услови за планирање**. Решението за услови за планирање се изработува врз основа на доставениот Елаборат изработен од АПП. Министерството – сектор за просторно планирање, изработува Решение за